# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН

Службен гласник на Општина Ресен
-излегува по потреба
www.resen.gov.mk

03.03.2023 година
бр.3 година 58
Ресен

Уредува
Стручна служба
Тел. 047/551- 903
kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk

# АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

**1.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Правилник за изменување на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост

Се објавува Правилник за изменување на Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 03.03.2023 година.

Бр.09-607/1 Градоначалник
03.03.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на чл. 96, ст.(1) и ст.(2), од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/16), Правилник за изменување на равилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/18) и Правилник за изменување на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (,,Службен весник на Република Северна Македонија“бр.16/22), чл.16,ст.(1), т.1 од Статутот на Општина Ресен (,,Сл.гласник на Општина Ресен“ бр. 07/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21), Советот на општина Ресен на седница одржана на ден 03.03.2023 година донесе,

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТЕПЕНОТ НА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕТО ВО ЗАВИСНОСТ ОД СТЕПЕНОТ НА УРЕДЕНОСТ

**Член 1**

Во Глава II, подглава 2, став 1 од Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (,,Сл.гласник на Општина Ресен“ бр.13/14, 3/22, 4/22 и 12/22), се менува алинеја 2 и истата ќе гласи:

- Инвеститорот е должен да уплати минимум 5% од утврдениот паричен износ во Договорот за плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште на рати да го уплати на денот на потпишување на Договорот, за градби за производство на електрична енергија од обновливи извори, со капацитет до 1 МВ. Останатата сума, Инвеститорот е должен да ја уплати на 12 еднакви месечни рати .

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Ресен“ и ќе се применува на сите други и претходно започнатите предмети во управна постапка.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08 – 595/2<br>03.03.2023 година<br>Ресен

Претседател<br>Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

## С О Д Р Ж И Н А

1. Правилник за изменување на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост.......................................................................................стр.1

**Издавач:Општина Ресен**
**Тел:047-551-770**
**Буџетска сметка: 7600140754630 10 НБРМ**
**Даночен број: 4024004107609**
**Матичен број: 6018572**